До
Деканатот на
Филолошкиот факултет
„Блаже Конески“
Скопје

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 06-03-2...
Орг. Един. 08 | Број: 81/4 | Прилог: | Вредност:

Скопје 3.3.2023

На својата осумдесет и четврта редовна седница, одржана на 15.2.2023 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје нѐ избра за членови на комисијата за избор на демонстратор за студиската програма преведување и толкување по предметот Преведување од македонски на германски јазик 4 (0+3) во летниот семестар во академската 2022/2023 г. На објавениот интерен оглас, се пријави еден кандидат и тоа: Александра Тантуровска.

Откако ја разгледавме приложената документација од кандидатката м-р Денковска, на Наставно-научниот совет му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Кандидатката Александра Тантуровска (родена на 3.3.1992 г.) ги исполнува општите и посебните услови за избор во демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ бидејќи на 31.1.2017 г. на Катедрата за германски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје, завршила прв циклус студии стекнувајќи се со диплома преведувач од германски на македонски јазик и обратно со просек 9,57. На 30.9.202 г. на истиот факултет на Катедра за шпански јазик и книжевност таа се стекнала и со диплома професор по шпански јазик и книжевност просек 9,63.

Кандидатката Тантуровска од 29.4.2016 г. до денес работи како наставник по германски јазик во учичиштето „Лингва Линк“, Скопје. Од 15.2.2017 г. до денес таа е ангажирана како демонстратор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, за предметите Преведување од македонски на германски 1Б и 2Б, Германски јазик 1Б, Преведување од македонски на германски 3Б и 4Б. Во периодот од 19.10.2016 г. до 31.12.2016 г. таа волонтерски била ангажирана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, за предметите Шпански јазик 5 и Шпански јазик 7.

Во периодот од 10.2014 г. до 6.2016 г. кандидатката Тантуровска работела како наставник по германски јазик во „Аполо – Јазичен образовен центар, Скопје. Првото работно искуство на кандидатката Тануровска било во периодот од 10.2013 г. до 12.2014 г. како наставник по шпански и германски јазик во училиштето за странски јазици „Херц", Скопје.

Уште како студентка на Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, Тантуровска учествувала на неколку студентски работилници, а подоцна учествувала и на работилници од областа методиката и дидактиката на наставата по германски јазик при германската издавачка куќа „Хубер". Би ја потенцирале околноста што кандидатката Тануровска е сертифициран испитувач за испитот *Telc Deutsch C1-C2*, за испитот *Telc Deutsch A1-A2* и за испитот *Telc Deutsch B1-B2*. Покрај германскиот јазик, таа одлично ги владее и шпанскиот и англискиот јазик.

Од 2017 г. Александра Тантуровска е запишана на постдипломските студии, Наука за јазик, германски јазик, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Скопје.

**Заклучок**

Работејќи од 15.2.2017 г. до денес како демонстратор за студиската програма преведување и толкување на нашиот факултет, Тантуровска се покажа како многу компетентена, верзирана и ангажирана кандидатка. Поради тоа и земајќи ги предвид сите горенаведени аспекти, комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, да ја избере кандидатка Александра Тантуровска за демостратор по предметот Преведување од македонски на германски јазик 4 (0+3) во летниот семестар во академската 2022/2023 г.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Зорица Николовска

Проф. д-р Емилија Бојковска

Проф. д-р Владимир Цветкоски